UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP

FACULTY OF LAW



# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL

YEAR 2019, ISSUE NUMBER 8

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF LAW


ISSN 2545-4021

# STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL


ISSUE 8

VOLUME VIII

YEAR 2019

**STUDENT'S SOCIAL SCIENCE JOURNAL**
**FACULTY OF LAW**
**UNVIVERSITY GOCE DELCEV – STIP**

**Year 2019, Issue Number 8**
**ISSN 2545-4021**

**Publisher:**
prof. Jovan Ananiev, Ph.D

**Editorial Board**
prof. Blažo Boev, Ph.D
prof. Liljana Gudeva – Koleva, Ph.D
Risto Kostruranov, LL.M
prof. Jovan Ananiev, Ph.D
prof.Ana Nikodinovska Krstevska, Ph.D

**International Editorial Board**
**Ivan Ilic**
Faculty of Law, University in Nis, Serbia
**Agim Nuhiu**
Faculty of Law, State University of Tetovo, Macedonia
**Dunja Duić**
Faculty of Law in Osijek, Croatia
**Olga Koshevaliska**
Associate professor at the Faculty of Law
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Elena Maksimova**
Assistant professor at Faculty of Law,
Goce Delchev University in Shtip, Macedonia
**Ana Nikodinovska Krstevska**
Associate professor at Faculty of Law,
Goce Delcev University in Shtip, Macedonia
**Olga Sidenko**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Dimitar Apasiev**
Assistant professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Andon Majhoshev**
Associate professor at the Faculty of Law,
University Goce Delcev – Shtip, Macedonia
**Darya Scheglova,**
Senior lecturer in political science at Voronezh state University,
Lecturer at Voronezh State University, Russia
**Boryana Aleksandrova**
Sofia University "St. Kliment Ohridski", Bulgaria;
Faculty of Law, Department for International Law and International Relations, Bulgaria
**Giorgia Bevilacqua**
National Research Council, Institute for Research on Innovation and Services for Development ", Italy
**Nives Mazur Kumrić**
Faculty of Law, University of Liège, Belgium
**Iskren Ivanov**
Senior Lecturer at Sofia University "St. Kliment Ohridski"

**Editorial Staff**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D
Teaching assistant Natasha Doneva, LL.M

**Editor in chief**
Ass. Prof. Elena Maksimova, Ph. D

**Language editor**
Vesna Ristova
(Macedonian language)

**Technical editor**
Slave Dimitrov

**Address of the Editorial office**
University Goce Delcev – Stip
Faculty of Law
ul."Krste Misirkov" 10-A PO.BOX 201
PO. Box 201, 2000 Stip
Republic of Macedonia

# СОДРЖИНА

**ГАЗЕПОВА Вероника**
ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ ...................................................................... **3**

**ГЛИГОРОВ Илија**
УЛОГАТА НА ИНСТИТУТОТ НА ЗАБЛУДА ВО МАКЕДОНСКОТО КРИВИЧНО ЗАКОНОДАВСТВО ...................................................................... **23**

**ЃУРЃАЈ Никола**
НАЦИЈАТА И НАЦИОНАЛИЗМОТ ВО АЛБАНИЈА ...................................................................... **33**

**ДЕМИРОВА Сибел**
МАКЕДОНСКАТА ДИПЛОМАТИЈА ОД СОЗДАВАЊЕТО НА Р. МАКЕДОНИЈА од 1991 до 2016 година ...................................................................... **43**

**ТАЧЕВСКА Снежана**
УЛОГАТА НА ЦЕНТАРОТ ЗА СОЦИЈАЛНИ РАБОТИ ВО ПОСТАПКАТА СПРЕМА ДЕЦА ...................................................................... **59**

**ЦВЕТАНОВ Павле**
ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ДОГОВОРОТ ЗА ФРАНШИЗИНГ ...................................................................... **69**

**ЏАБИРСКА Марија**
НОВИОТ ЈАВЕН МЕНАЏМЕНТ ВО ФОНДОТ НА ПЕНЗИСКОТО И ИНВАЛИДСКОТО ОСИГУРУВАЊЕ ...................................................................... **79**

ГАЗЕПОВА Вероника

УДК: **343.9.02**
**343.9.02:341.24**

# ОБЛИЦИ НА ОРГАНИЗИРАН КРИМИНАЛ

Апстракт: Поврзан со државните и политичките структури, организираниот криминалитет како еден од најопасните и најсложените за откривање, претставува многу сложена и комплексна појава што го претресува современото општество. Овој вид на криминалитет се издвојува од другите видови, познати во криминологијата, по облиците низ кои тој се манифестира, зафаќајќи ги притоа општеството и државата, заедно со сите општествени и политички односи, стопанството, како и социо – културниот сегмент. Кај сите појавни форми жртвата е различна, кај некои постои директна, а кај други индиректна жртва, така што дејствувањето го чувствуваат сите бидејќи главна цел на сторителите е остварување на високи профити, најчесто преку вградување во државните институции.

Целите на овој труд се: објаснување и дефинирање на поимот организиран криминалитет низ различните видови низ кои тој се јавува, дефинирање на феноменолошките карактеристики кои ги опишуваат истите и објаснување на начинот на кој овој вид на криминалитет ги погодува општеството и државата. Несомнено, овде ќе стане збор и за жртвите погодени од овој криминалитет.

Клучни зборови*: организиран криминал; организирани групи; трговија со дрога; трговија со оружје; трговија со луѓе и деца; перење пари.*

GAZEPOVA Veronika

UDK: **343.9.02**
**343.9.02:341.24**

# FORMS OF ORGANIZED CRIMES

Abstract: Associated with the state and political structures, organized crime, as one of the most dangerous and complex of detection, is a very complicated phenomenon that is being examined by the contemporary society. This type of criminality distinguishes itself from other types known in criminology in the forms through which it manifests itself, affecting society and the state, along with all social and political relations, the economy, and the socio – cultural segment. In all forms the victim is different, in some there is direct and in other forms the victim

is indirect. Thus, everyone is on the contrary because the main goal of the perpetrators is the achievement of high profits, most often through incorporation in the state institutions.

The main purposes of this work is to explain and define the organized crime through the various types through which it occurs, to define the phenomenological characteristics that describe this type of criminality and to describe the way this type of criminality affects the society and the state. Undoubtedly, the victims affected by this type of criminality will also be discussed in this work.

Key words: *Organized criminal; Organized groups; Drug trafficking; Trafficking with weapons; Trafficking with human beings and children; Money laundering.*

## ВОВЕД

Криминалот и криминалитетот веќе со децении се основа на заплетите во безброј филмови и книги, радио и телевизиски емисии, преку кои се покажало дека организираниот криминал привлекува најголемо внимание од сите можни видови на криминална активност. Во времето на сестраниот процвет на современото општество, во сите области на живеењето и создавањето на човекот, кој доби најсилен израз преку научниот, техничкиот и технолошкиот развој, преку развојот на информатиката и компјутерската техника, афирмацијата на концептот за гаранцијата и остварувањето на слободите и правата на човекот, што особено дојде до израз низ документите на ООН[1], развојот и концептот на глобализацијата на современото општество како пат кон негово обединување, поставувањето на концептот за правната држава и државата на владеење, се забележа дека наместо дискретни локални пазари на производи и услуги, сега имаме еден единствен глобален пазар.

Со помош на новите компјутерски и комуникациски технологии, проширените услуги за масовен воздушен транспорт и моменталните услуги на електронското банкарство, нелегалните производи и услуги можат да се понудат на секое место во светот.[2] Исто така, нелегалното производство на вакви производи и услуги може да се одвива насекаде во светот. Од круцијална важност е да се напомене дека глобализацијата, вклучително и растот на глобализираната економија, не е рамномерна насекаде во светот. Според тоа, организираниот криминал и нелегитимните деловни активности можат многу полесно да се прикријат и да се вградат во државните институции. Од аспект на сторителите, за разлика од уличните, па дури и од професионалните криминалци, организираните криминалци работат заедно врз континуирана основа во разни нелегални потфати. Постои некакво јадро од криминалци и многу поголема група од индивидуи кои

[1] Арнаудовски, Љ., Криминологија, 2–ри Август С, Скопје 2007 г.

[2] Лајман, Д. М., Потер, Г. В., Организиран криминал (IV издание), Магор Скопје, 2009 г.

работат за нив, извршуваат специфични задолженија и даваат специфични услуги, но кои главно се легитимни економски и политички актери. Слично како и легитимните деловни активности, така и организираниот криминал постои поради една примарна цел, а тоа е остварувањето профит. Значи, легитимните деловни активности и организираниот криминал стекнуваат економска и политичка моќ за остварување на оваа цел.[3]

1. Поим за организиран криминал

Организираниот криминал во сè поголема мера ги преокупира органите на казнениот прогон, науката и јавноста. Обидот, меѓутоа, за поимско, а уште повеќе за емпириско опфаќање на феноменот на организираниот криминал, се судира со потешкотиите поради изобилството и особеностите на појавните форми. Поради менливиот пристап и недостапната документација, организираниот криминал не ретко се поместува помеѓу „митот и реалноста“. Попрецизно набљудувано, станува збор за прагматски концепт, што се дефинира почнувајќи од полициската борба против престапот. Постојат повеќе индикатори што упатуваат на формите на организираниот криминал, како што се: трајно здружување на повеќе лица како профитна заедница; организациона структура со крут стил на раководење; дисциплина на членовите; постапување според план и поделба на труд; поврзување на легални со илегални активности и деловни врски; флексибилна злосторничка технологија и злосторнички методи; свесно користење на инфраструктурата; интернационалност и подвижност.[4]

При дефинирањето на поимот организиран криминал, во литературата егзистираат два пристапи. Според првиот, односно поопшт пристап, под овој поим се подразбира дејност на криминалните организации. Вториот, односно поконкретниот пристап, укажува дека за постоењето на овој криминалитет не е доволно само постоење на криминална организација, туку и постоење на некои други услови.[5]

Според српскиот теоретичар Миќо Бошковиќ, под организиран криминал се подразбира „активност на добро организирана криминална организација, со строга хиерархија, дисциплина, одговорност, лојалност и поделба на задачите, чијашто цел е остварување на што поголем профит и легализација на незаконски стекнат имот, благодарение на достигнатиот степен на општествен углед, било врз основа на пробив во структурите на власта или во воспоставените врски со органите на државата, државните органи, легалните деловни стопански субјекти и влијателни политички партии и странки“.[6]

Една од најреферентните дефиниции во американската литература ја дава Абадински. Истиот смета дека „организираниот криминалитет може да се одреди како

---

[3] Лајман, Д. М., Потер, Г. В., Организиран криминал (IV издание), Магор Скопје, 2009 г.
[4] Кајзер, Г., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996 г.
[5] Сулејманов, З., Криминологија (четврто издание), Графохартија, Скопје, 2009 г.
[6] Бошковиќ, М., Транснационален организиран криминал, Полициска академија, Белград, 2003.

неидеолошка дејност која вклучува повеќе лица во тесна општествена интеграција, организирана на хиерархиска основа со цел стекнување на профит и моќ за владеење со нелегални или законити актиности, кои со мал ризик овозможуваат високи профити. Положбата во хиерархиската структура се зазема во согласност со способностите што ги поседува поединецот. Со разни средства се настојува да се отстрани конкуренцијата затоа што сѐ тежи кон монопол над одредени дејности или територии. Изразена е склоноста да се користи насилство или корупција со што би се остварила целта или воспоставила дисциплина“.[7]

2. Облици на организиран криминал

2.1. Трговија со луѓе

Под поимот трговија со луѓе се подразбира една од формите на транснационален организиран криминал, кој се состои од противправно остварување, економска или друг вид на корист од продажба на мигранти. Истата се остварува по пат на закана, врбување, транспорт, криење, преселување од едно во друго место и сл. од страна на посредниците, како и разни видови на експлоатација на мигрантите од страна на оние кои ги држат во одредена зависност и потчинетост.

Со терминот трговија со лица се означува регрутирање, транспорт, трансфер, сместување и прифаќање на лицата, по пат на закана, со употреба на сила или други форми на принуда, со грабнување, измама, излажување, злоупотреба на власт или злоупотреба на состојба на немоќ, со давање или примање на пари или корист за добивање согласност од некое лице, кое има авторитет врз друго лице со цел за експлоатација. Експлоатацијата, во најмала мера подразбира експлоатација на проституција или други форми на сексуална ориентација, принудна работа или принудно давање на услуги, ропство или други постапувања, слични на ропство, слугување или одземање органи.[8] Извршители на овој облик на криминал се организирани групи, кои вклучуваат повеќе посредници во развивањето широка меѓународна соработка, заради присилна работа или присилно вршење на определени услови, држење во ропски однос или ропска потчинетост, сексуална експлоатација и сл.

Трговијата со луѓе во нашата земја, во почетокот беше решена со помош на неколку законски одредби, поместени во КЗ.

Првата законска одредба се однесува на посредувањето во вршењето на проституција (чл. 191, КЗ). Прв основен облик на ова дело постои во случај на неуспешно врбување, наведување, поттикнување или намамување на проституција на едно или на

[7] Abadinsky Howard, Organized Crime, 4-th ed, 1994.

[8] Art. 3 of Protocol to Prevent, Suppress and Punish Traffiking in Persons Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 55 / 25 of 15 November 2000.

повеќе лица или пак, на однапред неопределен круг на лица. За постоење на делото не е важно дали лицето порано се занимавало со проституција. Втор основен облик на ова дело постои во случај на учествување во предавање на женско лице на друг заради вршење на проституција.

Под поимот проституција се подразбира вршење на обљуба за пари или некоја друга форма преку која се навредува јавниот морал. Останати членови со кои се покриваат одредени недозволени активности, суштински за делото трговија со луѓе се: противправно лишување од слобода (чл. 140), грабнување (чл. 141), обљуба врз немоќно лице (чл. 187), полов напад врз дете (чл. 188), подведување и овозможување полови дејствија (чл. 192), недозволено преминување на државната граница (чл. 402) и засновање на ропски однос и превоз на лица во ропски однос (чл. 418).

Трговијата со луѓе како посебно кривично дело, кај нас најпрво и концизно била регулирана со новата одредба од чл. 418–а. Наведената инкриминација претставува усогласување на нашето кривично законодавство со барањата од чл. 5 од Протоколот.[9]

Во одредувањето на местото и значењето на овој криминалитет, како во општествените односи, така и во криминологијата, се поаѓа од две детерминанти. Прво, концептот за гаранцијата, заштитата и создавањето услови за остварување на загарантирани слободи и права на човекот во современото општество, се смета за највисока хумана и цивилизациска вредност и најзначаен критериум за демократско функционирање на дадено општество. Во контекст на условите човекот да се изрази во својот живот како творечко суштество, како и правото да живее во социјална сигурност, правото на соодветен живот и економска сигурност, на физичко и ментално здравје, на образовение, криминалитетот на трговија со луѓе доби особено значење. Во однос на втората детерминанта, треба да се напомене дека овој вид на криминалитет е сè пораспространет.

Криминалитетот на трговија со бело робје може да се одредува и проучува и како социо – патолошка појава, која може да резултира со тешки деформации во областа на сексуалниот живот на човекот, тесно поврзан со проституцијата, порнографската индустрија и комерцијализацијата на сексот. Станува збор за криминалитет кај кој жртвите она што ќе го изгубат, никогаш нема да можат да го вратат. Ваквиот криминалитет директно го погодува достоинството на човекот, неговата чест и неговиот углед. Како таков, истиот е најсвиреп, најбрутален и најбезобѕирен вид од психичка и физичка природа. Трговијата со луѓе зад себе остава неотстранливи последици на физички, психолошки, социјален и човечки план кај жртвата. Конечно, во однос на општеството и државата, трговијата со луѓе претставува широк спектар на повреда и неостварување на правата на граѓаните.

Подвид на овој вид на криминалитет е т.н. „трговија со бело робје“. Ваквиот вид на трговија доби посебно место во криминологијата бидејќи во основа, се однесува на

[9] Сулејманов, З., Криминологија (четврто издание), Графохартија, Скопје, 2009 г.

најчувствителните човечки суштества – жените и децата. Трговијата со бело робје започнува да се развива паралелно со развивањето на проституцијата во т.н. „бордели“. Слободно може да се заклучи дека во најголема мера, жртви на трговијата со луѓе се жените и децата. Имено, нивниот трансфер во различни држави и ставањето во одреден вид на зависност и експлоатација, започнува со најразлични измами. Вообичаено, станува збор за однапред пресметани ветувања дека на местото каде ќе бидат префрлени, ги чека сигурно вработување. Погрешната проценка за ветеното, наивно се прифаќа од страна на жртвата, односно се буди надеж дека конечно е изнајден начин за надминување на нивната дотогаш тешка економска и социјална состојба. Меѓутоа, наивната доверба скапо ги чини затоа што со самото поминување на границата, тие веднаш се соочуваат со бескомпромисно малтретирање, кое ги доведува до почетните сомненија во вистинските намери на оние кои ја искористиле нивната наивност. Голем дел од жртвите на овој криминалитет се обезбедуваат преку најразлични закани. На пример, закани дека тие или пак, некој член од нивното потесно семејство, ќе бидат лишени од живот. Со стапување на тлото на туѓа држава, нивната агонија продолжува. Имено, жртвите, пренесени без лични документи и лишени од своите пари и слобода, веднаш се соочуваат со притисоци и барања за наводно новосторени долгови, проследени со застрашувања дека ако се повлечат, ќе бидат оставени сами на себе, како резултат на што, би можеле да бидат изложени на кривично гонење, казнување и депортирање. Ваквата ситуација ја засилува нивната несигурност, која надополнета со непознавањето на јазикот и законите на државата во која доброволно или присилно се пренесени, ги доведува во безизлезна состојба. Токму поради оваа причина, тие повторно ја реактивираат својата надеж дека оние кои ги довеле овде, сепак ќе им помогнат во остварувањето на посакуваната цел. Меѓутоа, и таа мала надеж брзо се губи веднаш штом истите ќе бидат предадени во рацете на нивните нови сопственици, кај кои завршуваат како проститутки. Понатаму, во прикриените или легални јавни куќи, во кои стануваат долгогодишни заробенички, или пак, на црниот пазар на трудот, како диво вработени лица, започнува нивната вистинска експлоатација, а со тоа и нивните страдања.[10]

При дефинирањето на овој вид на криминалитет, соодветно значење има и феноменолошката карактеристика која го одредува како „повеќефазен криминалитет“, што значи дека со него се опфаќа секоја фаза, при која, по правило, се јавуваат различни причинители, сѐ до остварувањето на криминалната активност.[11]

Трговијата со луѓе честопати се поврзува со други форми на организиран криминал, како што се: измама со документи, трговија со дрога, компјутерски криминал, детска порнографија, криумчарење на мигранти и измама од корист. Меѓу другите форми на организиран криминал, трговијата со луѓе се идентификува како приоритетна област за

[10] Сулејманов, З., Криминологија (четврто издание), Графохартија, Скопје, 2009 г.
[11] Арнаудовски, Љ., Криминологија, 2–ри Август С, Скопје 2007 г.

закана од криминал во политиката на ЕУ за организиран криминал и сериозен меѓународен криминал, во периодот од 2014 до 2017 година.[12]

Во функција на подобрување на положбата на жртвите од овој вид на криминал, во Протоколот е поместена значајна одредба според која, земјите потписнички се обврзуваат да обезбедат можности за комплетизација на жртвите од трговија со луѓе на товар на осудените лица за тие дела.[13]

Трговијата со деца секојдневно зема се поголем и поголем замав. Експлоатацијата на деца пак, е уште повеќе изразена и како таква, истата вклучува секс туризам, порнографија и ширење на порнографски слики преку интернет и светската глобална мрежа. Експлоатацијата на деца во рамки на проституцијата, детската порнографија и слични активности, претставува исклучително распространет вид на насилство, во кое секоја година се вклучуваат околу милион деца кои се принудуваат, киднапираат, продаваат и по пат на измама, се вклучуваат во овие активности. Продавањето на деца е особено изразена појава во сиромашните земји и во многудетните семејства. Понекогаш родителите се измамени од криминалци, кои им ветуваат дека ќе обезбедат подобар живот за нивното дете во некоја подалечна земја. Меѓутоа, таквите деца завршуваат присилени да се омажат (купени невести) или умираат поради вадење на некој витален орган од телото, кој понатаму криминалната организација го продава за големи пари на некој моќник, кому трансплантацијата на овој орган му е единствена можност за продолжување на животот. Во оваа насока, од неодамна е оформена криминална група, која се занимава со трговија со малолетници, именувана како беби мафија.[14]

Најзначаен инструмент во борбата против трговијата со луѓе, особено жени и деца, е Протоколот од Палермо за превенција, сузбивање и казнување на трговија со луѓе, особено жени и деца. Главна цел на Конвенцијата е да ја унапреди и да ја направи поефикасна соработката за превенција и борба против транснационалниот организиран криминал. Протоколот е донесен за да се потенцира потребата од сеопфатен меѓународен пристап во борбата против трговија со луѓе, особено жени и деца, во земјите на потекло, транзит и детинација. Истиот вклучува мерки за сузбивање на ваквата трговија, казнување на сторителите и помагање и штитење на жртвите, вклучително и штитење на постоечките и признати меѓународни човекови права.

Во воведниот дел од Протоколот се нагласува значењето од неговото донесување. Самиот протокол се состои од четири делови: општи одредби; заштита на жртвите од трговија со луѓе; превенција, соработка и други мерки; завршни одредби. Општите одредби

[12] https://ec.europa.eu/home-affairs/what-we-do/policies/organized-crime-and-human-trafficking/trafficking-in-human-beings_en, превземено на 2 јуни 2019 г.
[13] Чл. 6, 7 и 8 од Протоколот против трговија со луѓе и чл. 16 од Протоколот против криумчарење на мигранти.
[14] Кошевалиска, О., Максимова, Е., Организиран криминал и корупција (скрипта), Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2018 г.

содржат пет члена преку кои се воспоставува корелација помеѓу Протоколот и примарната Конвенција против транснационалниот организиран криминал, како и неговото значење за нејзино надополнување и толкување. Членот 2 од Протоколот ги објаснува целите поради кои е донесен и кои треба да бидат реализирани со него: спречување и сузбивање на трговија со луѓе, со посебно внимание на жените и децата, како посебна категорија на жртви; штитење и помагање на жртвите од ваквиот тип на трговија, со почитување на нивните основни човекови права; промовирање на соработка помеѓу земјите членки со цел реализација на поставените цели и слично. Членот 3 упатува на објаснување на употребените термини во Протоколот. Тука се врши и поимно дефинирање на проблемот трговија со луѓе.

Вториот дел, односно делот за заштита на жртвите од трговија со луѓе, содржи одредби за заштита и помош на жртвите во поглед на зачувување на нивната приватност и идентитет, обезбедување на нивна психичка, медицинска и социјална помош. За таа цел, неопходно е да се иствари државна соработка со невладините организации, вработување на жртвите, обезбедување на соодветно образование и слично. Помошта за заштита на жртвите, овозможена преку приватност, физичка и психичка заштита, е посебно значајна за децата, кои се чести жртви на овој криминалитет. Притоа, се вметнати и одредби за условите и начинот на враќање на жртвите во нивната татковина и слично.

Третиот дел се однесува на превенција, соработка и други мерки кои треба да ги преземат државите – потписнички. Според Протоколот, превенцијата треба да се остварува преку: спроведување на различни истражувања од страна на државните институции; информирање на јавноста, службените лица и самите жртви; активност на мас – медиумите; соработка со невладиниот сектор, кој презема активности на ова поле; воспоставување на билатерални и мултилатерални соработки помеѓу различни држави со цел минимизирање или комплетно отстранување на сите предуслови и етиолошки фактори, кои придонесуваат една индивидуа да се намами во играта на трговците со луѓе; усвојување на силна законска регулатива и слично.

Четвртиот дел, односно завршните одредби, се состои од членови кои се однесуваат на начинот на решавање на спорови настанати при толкување и примена на Протоколот помеѓу државите – потписнички; членови кои се однесуваат на ратификација, потпишување, прифаќање, одобрување и пристап кон Протоколот; членови кои се однесуваат на негово стапување на сила; членови кои се однесуваат на начинот на кој се врши негово дополнување; членови кои се однесуваат на начинот на кој се врши откажување од Протоколот; членови кои се однесуваат на јазиците и диспозитарот – генералниот секретар на ООН.

Имајќи го во предвид овој Протокол, може да се согледа дека трговијата со луѓе е многу комплексна материја на која треба да се одговори со ефикасни и ефективни мерки. Исто така, Протоколот дава и нов приод кон оваа проблематика, односно самиот поим го

дефинира како комплексен и повеќестран, ги комбинира традиционалните методи за контрола на криминалот, за покренување на истрага, за казнување на сторителите, како и мерките на заштита на лицата – жртви на трговијата со луѓе.[15]

## 2.2. Недозволена трговија со оружје

Недозволената трговија со оружје претставува меѓународен облик на организиран криминал со транснационални елементи. Според тоа, овој вид на организиран криминал се врши во повеќе држави, со цел да се соберат повеќе информации, да се воспостави механизам за соработка во насока на полесно извршување на кривичното дело и да се избегнат законските прописи на органите за прогон. Оружјето претставува примамлива стока, особено кога станува збор за криминални групи кои на нелегален начин се снабдуваат со него заради извршување на кривично дело. Кај нас, дефинирањето на оружјето, видовите на оружје и законската рамка во поглед на условите за набавување, поседување, носење, чување, производство, поправање, промет, превоз и пренесување преку државните граници на оружје и муниција, се регулирани со Закон за оружјето.[16]

Недозволената трговија со оружје опфаќа: извоз, увоз, продажба, стекнување, испорака, движење или пренос на огнено оружје, неговите составни делови и компоненти и муниција, од територијата на една земја, која е страна, на територијата на друга земја, страна, ако било која од засегнатите земји не дала одобрување согласно Протоколот или ако оружјето не е обележано согласно член 8 од Протоколот.[17]

Под поимот оружје се подразбира секое преносливо оружје со цевка, кое исфрла, е дизајнирано да исфрла или пак, може да биде конвертирано со цел да исфрла куршуми или проектили по пат на експлозија, со исклучок на антиквитетите или нивните реплики. Недозволената трговија со оружје не само што е противзаконска активност, туку истата има и карактеристики на транснационален облик на организиран криминал, имајќи го во предвид начинот на кој се тргува стоката од една на друга територија, од страна на групи кои специјално се формирани за таа цел.

Ваквиот облик на организиран криминал настанува како резултат на сложените меѓународни односи и истиот е поврзан со политичките случувања, кризи и конфликти на меѓународно ниво. Како таква, недозволената трговија со оружје е исплатлива од различни

---

[15] Кошевалиска, О., Максимова, Е., Организиран криминал и корупција (скрипта), Универзитет „Гоце Делчев“, Штип, 2018 г.

[16] Закон за оружјето, Службен весник на Република Македонија бр. 7/05 од 1.2.2005 година. Повеќе за измените достапно на http://www.pravo.org.mk

[17] European Convention on the Control of the Acquisition and Possession of Firearms by Individuals, достапна на http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/101.htm, преземено на 2 јуни, 2019 г.

аспекти, па оние кои се занимаваат со овој вид на криминалитет, покрај тоа што стекнуваат профит, истовремено стекнуваат и моќ.

Во праксата постојат три начини на трговија со оружје:

1. Легална и отворена трговија со други земји;
2. Тајна и нелегална трговија со оружје;
3. Тајно снабдување на недржавни субјекти.

Најчести видови кои се сретнуваат како стока при тргувањето со оружје се: пиштолите, митралезите, бомбите, нуклеарните материјали, муницијата, радиоактивниот отпад, како и хемиските, биолошките и радиолошките супстанции.

Во однос на преносот на оружјето, треба да се напомене дека истиот се врши преку легални или нелегални премини, со посебна стратегија. Најчесто, постапката на шверц со оружје се одвива по строги правила и процедури, дефинирани од страна на главатарите на групите оформени за оваа цел. Имено, целиот процес се одвива прикриено, преку разни канали и патишта. Самиот транспорт се остварува преку посебно изработена стратегија која вклучува: извидување на граничните премини преку скриени канали и патишта, проучување на царинските и полициските контроли, поседување превоз или ангажирање на средства за превоз со фалсификувани документи. Според тоа, од круцијално значење е да се напомене дека при самото извршување на овој вид на криминалитет, неговите извршители истовремено или во блиски временски интервали, извршуваат различни видови на кривични дела.

Според своите карактеристики, недозволената трговија со оружје се стационира како еден од облиците на организиран криминал. Ваквата трговија е тесно поврзана со многу други кривични дела, како и негативни аспекти во општеството. Така, истата постојано се испреплетува со: корупцијата; тероризмот, како актуелна појава во општеството; перењето на пари, со кое дело всушност завршува и конечниот план на ваквите криминални групи; изнуда, како и други кривични дела и девијантни поведенија од типот на: алкохолизам, коцкање, рекет, наркоманија и проституција.

Недозволената трговија со оружје, како облик на организиран криминал, претставува криминална дејност или активност, со која се занимаваат повеќе луѓе, криминални групи, банди и здруженија, односно цели криминални мрежи, кои оперираат во повеќе држави со цел успешно тргување на недозволената стока. Еден поединец ниту може, ниту ги поседува потребните капацитети за да изврши една ваква противзаконска активност. Тоа значи дека операциите од ваков вид се вршат на глобално поле во кое поединецот не е можно да се оствари. Имајќи во предвид дека ваквите трансфери честопати се поврзани со повеќе лица, може да се заклучи дека недозволената трговија со оружје, помалку или повеќе, се остварува паралелно со корупцијата, па и злоупотребата на службената положба. Значи, во недозволената трговија со оружје учествуваат поголем број

на луѓе, од кои, дел може да бидат поврзани со органите на прогон или со државните органи. Токму поради оваа причина, недозволената трговија со оружје се вбројува во оние облици на организиран криминал, во кои операциите се извршуваат од страна на професионалци, односно луѓе кои се кријат под капата на своите функции со намера да помогнат или да извршат некое кривично дело од ваков вид.[18]

## 2.3. Трговија со дрога

Недозволената трговија со дрога претставува сериозна национална (домашна) и интернационална (меѓународна) состојба, кон која треба да се пристапи глобално. Дрогата воопшто не е едноставен проблем и како таква, истата претставува голема закана за здравјето, безбедноста и просперитетот на популацијата, а особено младината. Во тесна врска со дрогата е и наркоманијата, која претставува социјално девијантна или социо – патолошка појава, мошне актуелна во светот. И покрај темелните проучувања на оваа појава, сепак, определувањето на нејзината етиологија, како и нејзините негативни консеквенции, е мошне проблематично. Дополнително е потребно да се разработат ефикасни инструменти и средства, преку кои ќе се овозможи нејзино спречување и сузбивање.[19]

Кога станува збор за недозволената трговија со дрога, треба да се напомене дека со неа се испреплетуваат различни аспекти, пред сè, здравствените, социјалните, кривичните и етичките. Како такво, ужувањето на опојни дроги припаѓа во групата на социо – патолошки појави, а сите статистички податоци укажуваат дека во последните две до три години, постои значителен пораст во поглед на оваа социо – патолошка појава.[20]

Кога станува збор за недозволената трговија, односно шверцот со дрогата, треба да се напомене дека нашата држава е транзитна. Имено, трговијата со дрогата, како и нејзиното производство, веројатно претставуваат најпрофитабилната, но и најдоминантната форма на организиран криминал, со која се занимаваат криминалните структури или пак, поединци во државата. Притоа, определени количини на дрога остануваат за употреба, за продажба или пак, истите се складираат, а за потребите на локалниот пазар, најчесто нелегално се произведуваат марихуана и синтетички дроги.

### 2.3.1. Трговија со кокаин

Најголеми производители на кокаин во светот се државите од регионот на Јужна Америка, како на пример, Боливија, Колумбија и Перу. Имено, станува збор за држави од

[18] Арнаудовски, Љ., Криминологија, 2–ри Август С, Скопје 2007 г.
[19] Каневчев, М. Посебниот дел на Казненото право, стр. 264.
[20] Витларов, Т., Казнено право, Посебен дел со практични примери, авторизирани предавања, стр. 56, 2013 г.

кои тргнуваат шверцерските групи и истите понатаму се движат кон главните потрошувачки пазари, кои се наоѓаат во Северна Америка, Западна и Централна Европа.[21]

Кога станува збор за трговијата со кокаин, треба да се напомене дека жаришни точки претставуваат самите гранични премини. Така, секој проблем или недисциплина, може да резултираат со појава на меѓусебни пресметки и убиства на членовите на криминалните групи. Дополнително, перењето на пари, односно вложувањето на профитот во легалните стопански и други текови, исто така, претставува огромна проблематика. Дел од овие пари може да биде искористен и за корумпирање.

### 2.3.2. Трговија со хероин

Интензитетот и количините на хероин, шверцуван по централно–балканската рута до Западна Европа, е во значително опаѓање. Со сигурност може да се каже дека во иднина ќе се користат поморските патишта заради помалиот ризик од откривање, како и можноста за шверц на поголеми количини. Меѓу другото, криминалните групи од Македонија би ги фокусирале своите активности кон шверц на помали количини на хероин, но со почест интензитет.

За криумчарење на хероин преку Србија, Црна Гора и Македонија, се користат превозни средства по патен и железнички сообраќај, вообичаено автомобили и шлепери со храна и расиплива стока, со цел да се избегне подолгото задржување на граничните премини. Како таков, хероинот е скриен во специјално изградени шуплини во возилата, а неговата дистрибуција до локалниот пазар, посредно или непосредно, влијае на зголемувањето на кривичните дела од сферата на имотните деликти, како и кривичните дела против бракот и семејството. Како резултат на тоа, се создаваат сериозни проблеми во сферата на социјалната и здравствената политика.

Севкупното светско производство на опиум за 2014 година изнесува 7,554 тони, од кои 85 %, се произведени во Авганистан. Производството на хероин во Авганистан константно се зголемува со тенденција завршната фаза на производството да се пренесе во Европа.[22]

### 2.3.3. Трговија со марихуана

Нелегалната трговија со марихуана константно бележеше пораст сè до намалувањето на нејзиното производство во Албанија, благодарение на полициските акции во оваа држава. Како резултат на тоа, се јави пораст на цените на марихуаната на пазарот, но и зголемување на бројот на нелегални лаборатории за производство на марихуана во природни и производство на модифицирана марихуана во вештачки услови.

[21] EUROPOL, EU Drug Markets Report, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.
[22] EUROPOL, EU Drug Markets Report, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.

Со помош на глисери и траекти, кои поаѓаат од пристаништата во Драч и Валона, дел од марихуаната, произведена во Албанија, се криумчари и се дистрибуира преку Јадранското Море, директно во Италија и Грција, а потоа и до Велика Британија, но и другите држави од Западна Европа. Останатиот дел од марихуаната се дистрибуира по копнен или воден пат (преку Скадарско, Охридско и Преспанско Езеро) до некоја од државите, кои претставуваат значајни транзитни точки (Србија, Црна Гора и Македонија), а преку овие држави, понатаму и до државите од Западна Европа. Според тоа, слободно може да се заклучи дека Македонија е значајна транзитна област кога станува збор за шверцот на марихуаната преку балканската рута.

### 2.3.4. Трговија со синтетички droги

Во Македонија синтетичките дроги влегуваат од Србија и Бугарија и како такви, истите се наменети за задоволување на потребите на локалниот пазар. Токму на пазарот на територијата на Црна Гора и Македонија, во последно време се забележани некои нови психоактивни супстанции, како на пример: MDPV (метилендиоксипировалерон), C–25 NBOM и B–25 NBOM.

Криминалните групи кои се занимаваат со производство на синтетички дроги и прекурсори, се составени од членови кои го имаат потребното знаење и искуство во врска со производството на овие дроги. Ваквите криминални групи постојано се обидуваат да организираат производство во странство, од каде би вршеле дистрибуција до најголемите пазари во Европа и Азија, а делумно би ги задоволувале и потребите во Србија, Црна Гора, Хрватска и Македонија.

Лошата економска ситуација, достапноста на евтина опрема и хемиски компоненти за производство на синтетички дроги, како и ниската цена на чинење на локалниот пазар, одат во прилог на производството на синтетичките дроги и нивни прекурсори во тајните нелегални лаборатории. Понатаму, шверцувањето се врши преку посредници – курири, со помош на скриени шуплини во различни транспортни средства или пак, со помош на меѓународни пратки.

Производството на синтетички дроги и нивни прекурсори во тајните нелегални лаборатории е во константен пораст. Ваквото производство во импровизирани лаборатории од тип на кујни, би можело да резултира со пониска цена на чинење, од една страна и поголема достапност на синтетичките дроги, од друга страна.[23]

Доколку се проанализираат историските податоци, може да се заклучи дека самите држави често се обидувале да профитираат од пазарите кои подоцна станале нелегални, односно снабдувани од страна на криминалните организации. Ова особено се однесува на

[23] http://www.mvr.gov.mk/Upload/Editor_Upload/analizi-statistiki/Socta%20izvestaj%202016%20MK.pdf, преземено на 2 јуни, 2019 г.

недозволената трговија со дрога и луѓе, кои денес се сметаат за најпрофитабилни нелегални активности.[24]

## 2.4. Перење пари

Перењето пари вообичаено се дефинира како постапка преку која профитите од незаконските деловни активности се канализираат во легитимниот и економскиот оптек на најпрофитабилно можниот и докажано инфалционен начин. За оваа цел се користат сите финансиски и комерционални можности заради пренесување на овие приходи, нивно трансформирање, конвертирање или нивно мешање со легалните деловни трансакции. Сето ова е осмислено заради прикривање на вистинското потекло, природата, достапноста или поседувањето на ваквите приходи.[25]

Накратко, перењето пари претставува процес што го замаглува потеклото на парите и нивниот извор.[26] Перењето на пари, всушност, претставува таков процес, кој криминалците го применуваат за да го покријат потеклото и сопственоста на финансиските и материјални приноси (пари, имот) од нивните криминални активности. Тоа се приноси кои имаат нелегални извори: најчесто потекнуваат од трговија со дрога, цигари, алкохол, оружје и луѓе, како и од разни видови изнуди, корупција, даночни затајувања и финансиски малверзации и сл. Во тој процес се користат најразлични методи преку кои криминалците настојуваат да го сокријат нелегалниот извор (потеклото и сопственоста) на нелегално добиените приноси, преку учество во бројни трансакции, кои треба да обезбедат привид дека се легално стекнати и оттаму да се обезбеди неказнивост за своите криминални, прикажани како легални активности и непречено користење на остварените приноси од таквите активности.

Почетоците на одвојување на криминалните профити од нивните криминални извори и вложувањето на т.н. „валкани или нечисти“ пари заработени од криминални активности, се врзува со почетокот на XX век со брзиот пораз на организираниот криминалитет во САД. Со овој период се поврзува и настанувањето на самиот термин перење пари, оттаму што чикашките криминалци на Ал Капоне „нечистите“ пари ги прикажувале преку прометот на новоотворените перални за облека. Од 1945 година, со купувањето на еден хотел во Лас Вегас од страна на мафијашите Мајер Ленски и Багзи Зигел, започна практиката на внесување на нелегално стекнатите пари од контролата на проституцијата и комарот во легализираниот комарџиски бизнис, а оттаму и во другите финансиски текови. Од шеесетите години на XX век, парите кои треба да се „исперат“

---

[24] UNODC ја оценува глобалната вредност на недозволената трговија со дрога во САД на 322 билиони долари, а онаа на трговијата со луѓе на 32 билиони американски долари; види UNODC (ed.), 2007 World Drug Report, UNODC, New York, 2007, p. 170.

[25] Груроф, Е., Перењето пари и избрани случаи на инвестирање во недвижности, сомнителни финансиски трансакции и друго во врска со перењето пари, Безбедност, Скопје, стр. 415–426.

[26] Рајдер, А. К. Б., Одземањето на профитот од корупцијата, Безбедност, Скопје, 1995 г., стр. 28.

најчесто резултираат од „бизнисот“ со дрога, од илегална трговија со оружје, уметнички дела и органи на човековото тело. Во последно време со „перење“ сѐ повеќе се опфаќаат и парите што се користат од разни шпекулации, поткупување и даночно затајување.

Поаѓајќи од сознанието дека борбата против перењето пари и конфискацијата на паричните средства генерирани од криминалитетот не може ефикасно да се води во отсуство на меѓународна соработка на владите, полицијата, јавните обвинителства, банките и другите финансиски институции, доведе до усвојување на бројни инструменти од кои меѓу првите беше Конвенцијата на ООН против недозволена трговија на наркотични дроги и психотропни супстанции.[27]

Значајни одредби против перењето пари содржи Конвенцијата на ОН против транснационалниот организиран криминалитет (Конвенцијата од Палермо). Својата активност врз овој план Советот на Европа ја започна со Препораката бр. 80 од 1980 година, а ја круниса со донесувањето на Конвенцијата за перење на пари, потрага, одземање и конфискација на приходи стекнати со криминал од 8 ноември 1990 година. Со оваа Конвенција, позната како Стразбуршка конвенција, државите потписнички се обврзуваат во своите национални законодавства да преземат мерки за инкриминирање, сузбивање и одземање на добивките (конфискација) од кривичните дела перење на пари. За таа цел со неа е предвидено воспоставувањето и користењето на специјални мерки за истрага (чл. 5) и меѓународна соработка и помош во спроведувањето на истрагите. Во рамките на Советот на Европа е поместен и посебен комитет за оценување на мерките против перењето пари при Советот на Европа (PC–R–EV).

Во овие рамки треба да се спомне и Директивата за спречување на искористувањето на финансискиот систем „перење“ на сомнителните парични средства (The European Communities Directive on prevention of the use of the financial system for the purpose of money laundering, 91/308/EEC), донесена од страна на Европската Унија во 1991 година. Според овој документ, перењето пари претставува конверзија или пренос на имот со цел да се прикрие неговото вистинско криминално потекло, прикривање или маскирање на вистинската природа, извор и локација на незаконски стекнатиот имот, како и на сопственичките права, откуп, поседување или користење на таков имот и соучесништво во таквите дела.

Следејќи ги препораките од наведените и други меѓународни акти, национални закони против перењето пари имаат донесено повеќе земји, меѓу кои Италија (1991) и Германија (1993). Кај нас, за прв пат, беше инкриминирано кривично дело „перење пари и друга противправна имотна корист“ со чл. 273 на КЗ од 1996 година.

---

[27] Convention against illicit traffic in narcotic drugs and psychotropics substances, достапна на https://www.unodc.org/unodc/en/treaties/illicit-trafficking.html, преземено на 2 јуни, 2019 г.

Потребата од перење пари може да биде условена од четири фактори:

1. Ликвидноста на криминалната организација што произлегува од илегалните активности;
2. Желбата за инфилтрирање во легалните активности како дел на континуираниот процес, што ја обележува акцијата на организираните криминални групи во рамките на илегалните пазари или пак, во рамките на законскиот бизнис;
3. Потребата од избегнување на ризикот да биде откриена од полицијата, на пример, со пресретнување на криминалната организација и апсење на нејзините членови, како резултат на потрагата по парите;
4. Потребата да се избегне одземањето и конфискацијата на незаконски стекнатите приходи.

Првите два фактора се поврзани со структурата, активностите, приходот и времетраењето на организацијата. Третиот и четвртиот фактор се однесуваат директно на потребата од перење на пари, условена од легислативните и истражните активности во насока на потрага по парите.[28]

Самиот процес на транзитирање на паричните средства со нејасно потекло може да се подели во три фази:

**1.** Фаза на пласман (продажба на валканите пари);
**2.** Фаза на филување (прикривање) на парите;
**3.** Фаза на интегрирање (инвестирање на валканите пари во некоја легална активност).

Пласманот претставува продажба на главната маса од готовинските парични средства што се резултат на криминални активности. Филувањето е зголемувањето на бројот на слоевите од сложени финансиски трансакции, односно сериско – финансиски трансакции со цел да се одвојат незаконски стекнатите приходи од нивните незаконски извори. Последната фаза, претставува обезбедување на законско објаснување на појавата на богатството преку инвестирање во легалната економија. Концептот на перењето пари може да ги опфати сите или поединечно која и да е, од поединечните фази. Овој процес наједноставно се објаснува, со нелегално стекнати пари кои, на пример, се користат за купување антиквитети, скапоцен накит, автомобили и сл., за потоа со нивна продажба, при што се обезбедува валидна фактура (прва фаза), готовите пари да се вложуваат во банка, прикажани како средства од легална продажба (втора фаза), и на крајот, оттаму да бидат извлечени и со веќе прикриено потекло да се интегрирани во каква и да е легална активност.

Методите на перење пари се бројни, колку што допушта имагинацијата, но сепак можат да бидат групирани во четири категории:

[28] Савона, Е. У. Перењето пари од страна на мафијата и италијанската легислатива, безбедност, Скопје, 1994 г., стр. 623.

1. Стратегија на пренесување како товар;
2. Користење на финансиски институции;
3. Користење на нефинансиски и комерцијални деловни субјекти;
4. Пренесување низ тајни банкарски системи.[29]

Меѓу разновидните операции на перење пари на меѓународно рамниште на сицилијанската мафија, Савона ги наведува пренесувањето на готовински средства во земјите што не се предмет на финансиска контрола и нивно депонирање на тековни сметки во истите тие земји; користењето на тековни сметки што им припаѓаат на неосомничени лица или на „заштитни корпорации“ за пренесување на парите; купувањето на банкарски меници, користени во многу операции; инвестирањето во хартии од вредност во име на корпорации; скапоцености, пред сè, дијаманти, што подоцна се препродаваат на легалниот пазар, фалсификување на фактури, надомест на сметките на клиенти на некоја банка и системи на истовремен и континуиран циклус на перење и инвестирање.[30]

Перењето пари, стекнати преку илегални зделки, во легалните парични токови спаѓа во т.н. дела без жртви. Тоа, по правило, предизвикува инертен однос на јавноста кон овој вид на криминалитет, односно не го предизвикуваат нејзиниот интерес во онаа мера, како што тоа се во состојба да го сторат кривичните дела убиство, вооружените грабежи или другите традиционални кривични дела.

## ЗАКЛУЧОК

Облиците во кои може да се јави организираниот криминал се ограничени со човековата имагинација. Како таков, истиот секојдневно им нуди широка палета на нелегални производи и услуги на милиони потрошувачи. Опфатот на активностите и обемот на бизнисот во кои учествува организираниот криминал, го наложуваaат присуството на една масовна и развиена редица на мрежи, распрснати низ целата планета. Со самата годишна проценка на околу милијарда долари, ваквите нелегални деловни активности директно го погодуваат целиот економски и стопански систем на една држава, притоа намалувајќи ги можностите за превенирање и нивно сузбивање.

Еден од најсензитивните проблеми со кој се соочува човештвото во XXI век е трговијата со луѓе, тесно поврзана со проституцијата и трговијата со органи. Овој проблем ги повредува луѓето како директни или индиректни жртви. Во основа, трговијата со луѓе се одликува со груба повреда на најосновните човекови вредности: достоинство, чест, живот, слобода и углед. Како таков, овој криминалитет е поврзан со извршување на други

[29] Лајман, Д. М., Потер, Г. В., Организиран криминал (IV издание), Магор Скопје, 2009 г.

[30] Савона, Е. У. Перењето пари од страна на мафијата и италијанската легислатива, безбедност, Скопје, 1994 г., стр. 629–630.

кривични дела: измама, експлоатација, принуда, злоупотреба на власт, одземање органи итн.

Во однос на нелегалната трговија со оружје, важно е да се напомене дека овој вид на криминалитет предизвикува создавање на црн и сив пазар, кој на најсуров можен начин, го погодува државниот систем и е нераскинливо поврзан со други кривични дела: фалсификување исправи, лажни документи, нелегални трансакции итн.

Кога станува збор за трговијата со дроги, од круцијално значење е да се напомене дека ваквиот тип на трговија претставува значаен извор на приход за организиран криминал, па голем дел од трговијата е монополизиран од страна на големите криминални сојузи. Највознемирувачки аспект на бизнисот со дрогата се неговите негативни последици, односно насилство и престапи (разни видови на кражби, потпалување пожар, убиство и др.).

Вградувајќи се во легалните потфати, а со тоа и во ткивото на стопанството, перењето пари, како дел од организираниот криминал, го разорува хиерархиски поврзаниот структурен систем, притоа блокирајќи ги како нејзините органи, така и нејзината економија. Перењето е во нераскинлива врска со корупцијата. Во насока на спречување на веќе изнесеното, неопходна е поголема едукација од областа на организираниот криминал, како и поголема транспарентност на државните органи, особено царинските управи. Иако никогаш не може да се постигне апсолутно отсуство на организиран криминал, повеќе од јасно е дека секоја држава треба да се стреми кон создавање на услови, преку кои континуирано ќе се намалува стапката на организиран криминал.

## КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

### Домашна литература


Арнаудовски, Љ., Криминологија, 2 – ри Август С, Скопје 2007 г.

Витларов, Т., Казнено право, Посебен дел со практични примери, авторизирани предавања, стр. 56, 2013 г.

Груроф, Е., Перењето пари и избрани случаи на инвестирање во недвижности, сомнителни финансиски трансакции и друго во врска со перењето пари, Безбедност, Скопје.

Кајзер, Г., Криминологија, Александрија, Скопје, 1996 г.

Каневчев, М. Посебниот дел на Казненото право.

Кошевалиска, О., Максимова, Е., Организиран криминал и корупција (скрипта), Универзитет „Гоце Делчев“, Штип 2018 г.

Рајдер, А. К. Б., Одземањето на профитот од корупцијата, Безбедност, Скопје, 1995 г., стр. 28.

Савона, Е. У. Перењето пари од страна на мафијата и италијанската легислатива, Безбедност, Скопје 1994 г., стр. 629 – 630.

Сулејманов, З., Криминологија (IV издание), Графохартија, Скопје 2009 г.

Странска литература

Daly, K., Gender and varieties of white – collar crime, Criminology, volume 27, no. 4, 1989.

McGuire, M., Morgan, R., Reiner, R., The Oxford Handbook of criminology (fourth edition), Oxford University Press, 200.

Rothman, M. B., Dunlop, B. D., Entzel, P. et al., Crime and Criminal Justice System myth, perceptions and reality in 21st century, Springer Publishing Company Inc, 200.

Лајман, Д. М., Потер, Г. В., Организиран криминал (IV издание), Магор Скопје 2009 г.

Домашна легислатива

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2013 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје 2014 година.

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2014 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје 2015 година.

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2015 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје 2016 година.

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2016 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје 2017 година.

Годишен извештај за извршување на санкциите за состојбата и работењето на казнено – поправните установи во Република Македонија за 2017 година, Министерство за правда, Управа за Извршување на санкции, Скопје 2018 година.

Закон за оружјето, Службен весник на Република Македонија бр. 7/05, 47/06, 42/07, 86/08, 72/10, 142/10, 158/11, 119/13, 164/13, 152/15, 193/15, 55/16.

Кривичен законик на РМ „Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13, 82/13, 14/14, 27/14, 28/14, 115/14, 132/14, 160/14, 199/14, 196/15, 226/15, 97/17.

Меѓународни документи

Convention against illicit traffic in narcotic drugs and psychotropic substances, European Convention on the Control of the Acquisition and Possession of Firearms by Individuals.

EUROPOL, EU Drug Markets Report, European Monitoring Centre for Drugs and Drug Addiction, 2015.

Global Plan of Action to Combat Trafficking in Persons, јули 2010 г., ООН.

Protocol to Prevent, Suppress and Punish Trafficking in Persons Especially Women and Children, supplementing the United Nations Convention against Transnational Organized Crime, adopted and opened for signature, ratification and accession by General Assembly resolution 55 / 25 of 15 November 2000.

UNODC ја оценува глобалната вредност на недозволената трговија со дрога во САД на 322 билиони долари, а онаа на трговијата со луѓе на 32 билиони американски долари; види UNODC (ed.), 2007 World Drug Report, UNODC, New York, 2007.

Консултирани интернет страници

http://conventions.coe.int/Treaty/en/Treaties/Html/101.htm,
http://www.pravo.org.mk
https://digitallibrary.un.org/record/687201/files/A_RES_64_293-EN.pdf
https://ec.europa.eu/home-affairs/what-we-do/policies/organized-crime-and-human-trafficking/trafficking-in-human-beings_en,
https://www.unodc.org/unodc/en/treaties/illicit-trafficking.html,